

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец јули 2023

Датум: 14.08.2023
Сектор за инвестиции

Арх. Бр. 09-1855
14.08.2023 година

SAVA PENZISKO

## Содржина

1. Македонски Телеком АД Скопје .......... 3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец јули 2023 година, се одржа акционерско собрание на Македонски Телеком АД Скопје, компанија во која задолжителниот и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и согласно Правилникот имаат обврска за присуство и известување.

# 1. Македонски Телеком АД Скопје

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава Пензиски фонд и ОДПФ Сава Пензија плус.

**I. Македонски Телеком АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонски Телеком АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **0,97%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,64%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 21.07.2023 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на Претседавач;<br>3. Избор на бројачи на гласови; и<br>4. Избор на Записничар;<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Предлог Одлука за определување на нов месечен надоместок на Претседателот на Одборот на директори на Друштвото | |
| *Претставници на Собранието* | Горјан Анастасов | |

II. **Македонски Телеком АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје се одржа на 21.07.2023 година со почеток во 11:00 часот во седиштето на Друштвото на Кеј 13-ти Ноември бр. 6, Скопје, конференциска сала Атриум 2, 10. кат. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач;
3. Избор на бројачи на гласови; и
4. Избор на Записничар;

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Предлог Одлука за определување на нов месечен надоместок на Претседателот на Одборот на директори на Друштвото

**Претставникот гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Македонски Телеком АД Скопје

Откако се верификираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваат 86,779% од акциите со право на глас.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

На собранието беше усвоена единствената точка од дневниот ред, односно акционерите позитивно гласаа за предлог-одлуката за определување на нов месечен надоместок на Претседателот на Одборот на директори на Друштвото. Со усвојување на Одлуката надоместокот изнесува 155.000 денари, и претставува намалување во однос на износот утврден со Одлуката од 01.07.20218, со која е предвидено месечниот надоместок да изнесувал 310.000 денари.

Претставникот на Сава пензиски фонд гласајќи “ЗА” го поддржа донесувањето на одлуката од работниот дел на дневниот ред. Сите присутни акционери позитивно се изјаснија за предложената одлука.

По усвојувањето на предложената точка, дневниот ред беше исцрпен и Претседателот на Собранието го прогласи годишното акционерско собрание на Македонски Телеком АД Скопје за затворено.